СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08-1597/2

27.06.2024 година

К и ч е в о

# З А П И С Н И К

Од одржаната 35-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 27.06.2024 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот

Седницата во 10 часот ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Ќамер Клоси, Дренуше Далипи, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Лазе Јаќимоски, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Валентина Лазаревска, Иванчо Божиноски, Виктор Алексоски, Рамазан Зулбеари, Фортеса Сејдини, Сибел Туфекџи Агим Садику, Абдула Сејдини, Арѓент Асани и Валбона Адили Емини.

Отсутен беше советникот: Миѓен Зендели.

На седницата беа присутни и Анета Настеска- Секретар на општината, Валдет Селими, Бурим Кадриу, Емин Насуфи, Валбон Мехмеди, Фјола Алиу и Флорика Манакоска Цветаноска-претставници од општинската администрација, преставник од ЈП ,,Комуналец“ и новинар од ТВ ,,Ускана“, претсавникот од ООУ ,, Владимир Полежиноски“ и директорите од: ЦОУ ,, Кузман Јосифоски Питу“ Кичево, ЦОУ„Санде Штерјоски“ Кичево, ООУ„Христо Узунов“с.Другово, ООУ„Ѓ.К.Скендербег“с.Србица, ЦОУ„Милто Гура“ с.Стрелци, ЦОУ„Наим Фрашери“ с.Јагол и жители од с.„Осој“.

**Претседателот на советот** праша дали има некој забелешка на Записникот од 34-та седница на советот одржана на 30.05.2024 г.

**Агим Садику** Информира дека има забелешка за преводот од македонски на албански на претходниот Записник.

**Претседателот на советот** истакна дека во ред е забелешката и побара да се обрне повеќе внимание околу преводите на службените документи.

Бидејќи никој друг  не зеде збор, **Претседателот на советот** го стави на усвојување  Записникот од   34-та седница на советот одржана на 30.05.2024 год. и истиот се усвои со 22 гласа ЗА.  ПРОТИВ (нема).  ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Претседателот на советот**  за оваа седница го предложи следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1.Предлог Одлука за измена и дополна на Буџетот на Општина Кичево за 2024 година (пренамена).
2.Предлог Одлука за измена и дополна на Програмата за уредување на Градежно земјиште за просторот на Општина Кичево за 2024 година.
3.Предлог Годишен План за вработување за 2025 година во ЦОУ „Кузман Јосифоски Питу“ Кичево.
4.Предлог Годишен план за вработување за 2025 година во ООУ„Д-р Владимир Полежиноски“.
5.Предлог Годишен план за вработување за 2025 година во ЦОУ„Санде Штерјоски“. Кичево.
6.Предлог Годишен план за вработување за 2025 година во ООУ„Христо Узунов“ с.Другово.
7.Предлог Годишен план за вработување за 2025 година во ООУ„Ѓ.К.Скендербег“ с.Србица.
8.Предлог Годишен план за вработување за 2025 година во ЦОУ„Милто Гура“ с.Стрелци
9.Предлог Годишен план за вработување за 2025 година во ЦОУ„Наим Фрашери“ с.Јагол.
10.Предлог Годишен план за вработување за 2025 година во ЈП„Комуналец“ Кичево.

11.Предлог Одлука за подарување на компјутери сопственост на Општина Кичево на основните и средните училишта.
12.Предлог Одлука за награда на учениците за постигнати резултати во натпревари на државно ниво.
13.Предлог Одлука за измена и дополна на Одлуката за формирање на Локален Совет за превенција.
14.Предлог Одлука за давање на користење на објект сопственост на Општина Кичево на ЈП„Комуналец",
15.Предлог Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на територијата на Општина Кичево.
16.Предлог Одлука за именување на член на училишен Одбор на ОУ„Христо Узинов" с.Другово.
10. Разно.

**Претседателот на совет Скендер Џабири** откако го прочита Дневниот ред отвори дискусија за истиот.

Советникот **Михајло Данилоски** зеде збор и побара првата точка Предлог Одлуката за измена и дополна на Буџетот на Општина Кичево да се повлече од Дневниот ред затоа што советниците немале доволно информации за неа.

Советникот **Лазе Јаќимоски** исто така побара одлагање на втората и 16 точка од Дневниот ред, заради тоа што советниците немале доволно информации за нив. Напомена дека за 16 точка не се одржала Комисија за манднати прашања избори и именувања.

**Претседателот на совет** истакна дека проблемот е во тоа што советниците не доаѓаат на состанок за Комисии иако се уредно поканети, информира дека Дневниот ред не треба да се менува ,односно да остане ист.

Советникот **Лазе Јаќимоски** праша кој ќе ги дава предлозите за членови, во врска 13 и 16 точка затоа што на состанокот на Комисијата за мандатни прашања и именувања не бил присутен и самиот претседател на комисијата **Иванчо Божиноски**.

**Претседателот на совет** информира дека предлозите за членови ќе се предложат од советниците на самата седница.

**Агим Садику** исто така истакна дека точките треба да се одложат.

**Претседателот на Совет** го стави на гласање предлогот на советникот Михајло Данилоски да се повлече првата точка од дневниот ред и истиот не се усвои со 9 гласа ЗА ,13 гласа ПРОТИВ и воздржани (нема).

Претседателот на совет заклучи дека точката останува на Дневен ред.

**Претседателот на совет** предлогот од советникот Лазе Јаќимовски да се повлечат 13 и 16 точка од Дневен ред го даде на гласање и истиот не се усвои со 9 гласа ЗА, 13гласа. ПРОТИВ (нема).

**Претседателот на совет** истакна дека точките остануваат и дека советот започнува со работа по дневниот ред.

**Претседателот на совет Скендер Џабири** отвори дискусија.

**1.ПРВА ТОЧКА**: Предлог Одлука за измена и дополна на Буџетот на Општина Кичево за 2024 година (пренамена)

**Бурим Кадриу –** ги образложи потребите кои Општина Кичево ги има за дополна и измена на Буџетот на Општина Кичево за 2024 година и ги пообјасни истите . Во самата Предлог Одлука која е предложена во Дневниот ред се предлага следно: Од ставката 482930 да се минусират 1.212.000. Од ставката 421110 Програма Ј3 да се минусират 1.000.000,00 ден.Од програмата Р10 да се минусират 200.000,00. Во Програмата К4 подставка 424990 да се минусират 300.000,00 денари.Исто така да се минусират средства од ставка 425640 програма Ф10 во износ од 122.000,0.
Тој исто така предложи зголемување на средствата во Програмата ЈМА подставка 425940 во износ од 152.000 зголемување на средствата во Програма ЕА0 подставка 482920 во износ од 122.000. Исто така Предлог-Одлуката се менува по барање на ОУ„ Кузман Ј. Питу “ поради проектите од Еразмус + односно се менуваат ставките од сметикте на Донации. Во програма Н1 подставка 420120 во износ од 30.750,00 на подставка 420220 се

минусират средства од 32.250,00. Се кратат средства од подставка 425990 во износ од 570.400,00 .Исто така се минусират средствата од подставка 464990 во износ од 52.000,00 денари.Се зголемуват подставките 420210 во износ од 342.700,00 и подставката 420320 износ од 342.700,00.

**Агим Садику** побара од претставникот на општината да пообјасни кои проекти биле предвидени да се реализираат и истите се откажани и каде сега се преименуваат тие проекти, односно каде ќе се пренаменат средствата?

**Бурим Кадриу-** Објасни дека нема да има кратење на проекти. Истакна дека во Општина Кичево средствата за проектите се добиени со јавни надавања и оние кои имаат најмала цена во понуда го добиваат проектот.

**Агим Садику-** Праша зошто сумата се намалува, кога проектите не се реализирани. Праша исто така дали проектот за Бичинци -Мамудовци е исполнет и реализиран. Напомена дека е потребно да се одржуваат Комисиите за да може советниците да ги видат бројките и Буџетските измени за да знаат каде одат парите. Истакна дека како советници имаат дилема дали проектите се реализирани или не.

**Лазе Јаќомоски-** Информира дека сака да знае исто како советникот Агим Садику кои проекти нама да се реализираат.

**Бурим Кадриу** повтори дека нема да има кратење на Проекти и објасни дека одговорот на советниците го образложил во самото излагање.

**Претседателот на совет** Предлог Одлука за измена и дополна на Буџетот на Општина Кичево за 2024 година (пренамена) ја стави на гласање и истата се усвои со 13 гласаа ЗА, ПРОТИВ( нема), 8 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**2.ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Одлука за измена и дополна на Програмата за уредување на Градежно земјиште за просторот на Општина Кичево за 2024 година.

**Валбон Мехмеди** ја образложи Предлог-Одлуката.

**Агим Садику** зема збор и ја поздрави одлуката за уредување на Градежното земјиште. Истакна дека не е против овој предлог, но се сомнева во злоупотреба при уредувањето на јавното земјиште. Поради недостаток на

факти за истото. Целта на оваа Предлог-Одлука е да има повеќе капитални инвестиции.

**Претседателот на совет** ја стави на гласање Предлог Одлука за измена и дополна на Програмата за уредување на Градежно земјиште за просторот на Општина Кичево за 2024 и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ ( нема).

**Претседателот на советот** отвори расправа по третата точка.
Поради доцнење на претставникот од училиштето ООУ,,Кузман Јосифоски Питу“ и неможноста да се образложи точката, Претседателот на советот отвори расправа по 4 точка.

**4.ЧЕВРТА ТОЧКА :**Предлог Годишен план за вработување за 2025 година во ООУ„Д-р Владимир Полежиноски“ Кичево

**Претставникот на училиштето** го образложи Годишниот план за вработување и истакна дека во училиштето се предвидени три вработувања и тоа двајца хигиеничари и еден чувар.

**Претседателот на совет** го стави Предлог Годишниот план за вработување за 2025 година во ООУ„Д-р Владимир Полежиноски“ Кичево на гласање и истата се усвои со 13гласа ЗА, ПРОТИВ (нема), 8 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**Претседателот на совет** даде пауза од 5 минути за да дојдат директорите на училиштата кои доцнеа и ги опомена за нивното доцнење и ненавремено доставување на материјалите од училишта.

По паузата се премина на:

**3.ТРЕТА ТОЧКА:** Предлог Годишен План за вработување за 2025 година во ЦОУ „Кузман Јосифоски Питу“ Кичево

**Директорот на ,,Кузман Јосифоски-Питу“**- Го образложи планот за вработување. Во нивниот план за 2025 година во пензија требало да заминат четири вработени од техничкиот персонал и побара одобрение за четири нови вработувања.

**Претседателот на совет** го стави Предлог Годишниот План за вработување за 2025 година во ЦОУ „Кузман Јосифоски Питу“ Кичево на гласање и истиот се усвои со 21 ЗА против (нема).ВОЗДРЖАНИ (нема).

**5.ЧЕТВРТА ТОЧКА:** Предлог Годишен план за вработување за 2025 година во ЦОУ„Санде Штерјоски“Кичево

**Директорот на училиштето** го образложи планот и информира дека имаат потреба од едно вработување и тоа Технички секретар.

**Претседателот на совет** го става на гласање Предлог Годишниот план за вработување за 2025 година во ЦОУ„Санде Штерјоски"Кичево и истиот се усвои со 22 гласа ЗА.ПРОТИВ( нема) .ВОЗДРЖАНИ (нема).

**6.ШЕСТА ТОЧКА:** Предлог Годишен план за вработување за 2025 година во ОУ„Христо Узунов" с. Другово

**Директорката на училиштето** истакна дека имаат потреба од две нови вработувања.

**Претседателот на совет** го стави на гласање Предлог Годишниот план за вработување за 2025 година во ОУ„Христо Узунов" с. Другово и истиот се изгласа со 22 ЗА,ПРОТИВ (нема).ВОЗДРЖАНИ( нема).

**7.СЕДМА ТОЧКА:**Предлог Годишен план за вработување за 2025 година во ООУ„Ѓ.К.Скендербег" с.Србица

**Директорот на училиштето** го образложи нивниот план за годишни вработувања со кој планираат три нови вработувања.

**Претседатлот на совет** го стави на гласање Предлог Годишниот план за вработување за 2025 година во ООУ„Ѓ.К.Скендербег" с.Србица и истиот се усвои со 22 ЗА.ПРОТИВ( нема), ВОЗДРЖАНИ ( нема).

**8.ОСМА ТОЧКА:** Предлог Годишен план за вработување за 2025 година во ЦОУ„Милто Гура" с.Стрелци

**Претставникот на училиштето** го образложи нивниот план и информира дека истото училиште има потреба од едно работно место-архивар.

**Претседателот на совет** го стави на гласање Предлог Годишниот план за вработување за 2025 година во ЦОУ„Милто Гура" с.Стрелци и истиот се усвои со 22 ЗА, ПРОТИВ (нема), ВОЗДРЖАНИ ( нема).

**9.ДЕВЕТА ТОЧКА:** Предлог Годишен план за вработување за 2025 година во ЦОУ „Наим Фрашери" с. Јагол Доленци

**Директорот на училиштето** објасни дека за наредната година немаат планирано нови вработувања.

**Претседателот на советот** го стави на гласање Предлог Годишниот план за вработување за 2025 година во ЦОУ „Наим Фрашери“ с. Јагол Доленци и истиот се усвои со 22 ЗА. ПРОТИВ ( нема).Воздржани (нема).

**10.ДЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Годишен план за вработување за 2025 година во Ј.П„Комуналец“ Кичево

Процедурално збор зеде советникот **Лазе Јаќимовски** и го праша претставникот на Комуналец дали кај нив е пристигнато Барање од жителите на с.Осој. Советникот исто така го замоли претставникот на Комуналец да остане до крајот на седницата за да можево точката под разно се разгледа Барањето од жителите од с.Осој кои подолго време немале вода за пиење.

**Претставникот од ЈП„Комуналец**“ образложи колку пензионирања следуваат 2025 год., а со новите вработувања планираат бројката да се израмни. Станува збор за 39 нови вработувања.

**Претседателот на советет** го стави на гласање Предлог Годишниот план за вработување за 2025 година во ЈП„Комуналец“ Кичево и истиот се усвои со 13 ЗА.ПРОТИВ (нема), 8гласа ВОЗДРЖАНИ.

**11.ЕДИНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Одлука за подарување на компјутери сопственост на Општина Кичево на основните и средните училишта

Збор има Секретарот на општина Кичево **Анета Настеска**.Таа истакна дека компјутерите кои се во добра состојба Општина Кичево предлага да се донираат во основните и средните училишта.

Советникот **Агим Садику** ја поздрави одлуката, но има недоумица околу исправноста на компјутерите. Со оглед дека технологиите секојдневно напредуваат тој се сомнева дека компјутерите ќе бидат адекватни за училиштата.

На ова прашање **Секретарот на Општина** Кичево одговори дека стручни лица од областа на информатиката кои се вработени во општината ги провериле и истите решиле дека компјутерите не се за расход. Добро би било тие да бидат искористени во училиштата за вршење на административни работи.

**Претседателот на советот** Предлог Одлуката за подарување на компјутери сопственост на Општина Кичево на основните и средните

училишта ја стави на гласање и истиот се усвои со 22 ЗА. ПРОТИВ (нема) ВОЗДРЖАНИ (нема).

**12.ДВАНАЕСЕТА ТОЧКА:**Предлог Одлука за награда на учениците за постигнати резултати во натпревари на државно ниво.

Секретарот на општина **Анета Настескаа** информира дека Општина Кичево предлага учениците кои освоиле некоја државна награда во текот на минатата година да бидат еднократно наградени. И тоа 15 ученици кои освоиле прво место на државен натпревар со 10 илјади денари, 15 ученици кои освоиле второ место со 5 илјади денари и за 15 ученици кои освоиле трето место со 3 илјади денари.

**Валентина Лазареска** информира дека оваа Одлука била предложена од нивната советничка група. Исто така напомена дека има забелешка во врска со наградите, односно изрази жалење за не наградувњето за менторите. Таа истакна дека меторите макотрпно работат со учениците и дека нивниот труд не е вреднуван.Истакна дека и менторите заслжуваат да бидат наградени исто како и учениците.Предлага во иднина да бидат и менторите наградени па макар таа награда биде со симболична сума.

**Секретарот на општина Кичево** истакна дека тоа може да се регулира за во иднина односно средствата да се испланирааат предвреме во Буџетот за 2025 год.

**Лазе Јаќимоски** истакна дека ова истото се повторувало секоја година и предлжи да се вметне во Предлог Буџетот. Предложи да има само една Одлука за во иднина.

**Агим Садику** ја поздрави Предлог Одлуката за парична награда за учениците но напомена дека треба да бидат наградувани и менторите и со самото тоа ќе се подигне нивната мотивација за работа со ученици.

**Претседателот на совет** ја стави на гласање Предлог Одлуката за награда на учениците за постигнати резултати во натпревари на државно ниво и истата се усвои со 22 гласа ЗА.ПРОТИВ (нема), ВОЗДРЖАНИ (нема).

**13.ТРИНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Одлука за измена и дополна на Одлуката за формирање на Локален Совет за превенција.

**Валдет Селими** ја образложи потребата од постоење на Локален Совет кој помага во кризни моменти и врши разни превенции. Во мометот овој

совет има потреба од тројца нови членови. Членовите може да бидат од секоја категорија на граѓани. Исто така истакна дека треба да се консултира со луѓето кои би биле во овој Совет ,односно дали тие би сакале доброволно да бидат членови.

**Секретарот на општина** Кажа дека нема конкретен предлог за имиња за Советот.

**Агим Садику** предложи да се повлече точката бидејќи не е помината на комисија.

**Лазе Јаќимоски** зеде збор и кажа дека заради ова што никој нема предлози побарал на почетокот на седницата оваа точка да се повлече.

**Претседателот на совет** кажа дека разговарал со повеќе институции да дадат свои предлози, но се уште не добил конкретни одговори од нив.

**Агим Садику** предложи да не се тргне предлогот туку да се донесе Заклучок со кој ќе се предложат три особи.Односно после точката да има Заклучок.

**Претседателот на совет** предложи  да се донесат до следната седница предлози од институциите. Напомена членовите да не се пензионери.Затоа што оваа работа е доброволна и треба луѓето кои ќе се предлжат да сакаат да работат.Предложи да се дадат членови од вработените во Општина Кичево и ЈП „Комуналец“.

**14.ЧЕТИРИНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Одлука за давање на користење на објект сопственост на Општина Кичево на ЈП„Комуналец“

**Анета Настеска** ја образложи  Предлог Одлуката.

**Претседателот на советот** ја стави на галсање Предлог Одлуката за давање на користење на објект сопственост на Општина Кичево на ЈП„Комуналец“ и истата се усвои со 22гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**15.ПЕТНАЕСЕТА ТОЧКА:** Предлог Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на територијата на Општина Кичево

**Секретарот на општина** ја образложи Предлог Одлуката. **Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти на

територијата на Општина Кичево и истата се изгласа со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ( нема ). ВОЗДРЖАНИ (нама).

**16.ШЕСНАЕСЕТА ТОЧКА** Предлог Одлука за именување на член на Училишен Одбор на О.У. „Христо Узунов" с. Другово.

Претседателот на Совет отвари дискусија.

**Иванчо Божиноски** информира како претседател на Комисијата за мандатни прашања избори и именувања,дека седницата на Комисијата не се одржала и за член на Училишниот Одбор ја предложи Анета Сарџоска.

**Емин Насуфи** - Информира дека исто така ја предложи Анета Сарџоска.

**Лазе Јаќимоски** постави прашање до Емин Насуфи кој го предложил тоа лице?

**Емин Насуфи** -Информира дека лицето е предложено од Општина Кичево.

**Лазе Јаќимовски** даде забелешка дека на закажаната Комисија за манднатни прашања избори и именувања никој не присуствувал и дека бил присутен само тој. Констатира дека не се почитуваат никакви процедури и дека ваквите предлози биле самоволие. Дека предлозите за избор на членот не треба да се даваат директно на седница тука за тоа постои комисијата. Напомена дека комисиите мора де се состанат и работат.

**Емин Насуфи** -Истакна дека тој не е одговорен за работењето на Комисиите и дека може да одговара единствено за Секторот за образование.

**Лазе Јаќимоски** забележа дека Иванчо Божиноски не присуствувал на Комисијата и дека нема право да дава предлог на член во својство на Претседател на истата.

**Иванчо Божиноски** рече дека не бил добро сватен и дека тој не го предлага членот како претседател на комисијата туку како советник.

**Валентина Лазареска** за член го предложи Михајло Данилоски за кој кажа дека е квалитетен и компетентен за тоа место.Соодветен е и поради тоа што е со живеалиште од с. Другово.

**Претседателот на совет** предлогот Анета Сарџоска да биде член на Училишниот одбор го стави на гласање и истиот се усвои со 12 гласа ЗА, 6 гласа ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Иако советникот Лазе Јаќимоски предложи да се стави и другиот кандидат на гласање , Претседтелот на совет истакна дека веќе е избран еден член и дека нема потреба од друго гласање.

**17.Разно.**

Група Граѓани од с.Осој доставиле известување до ЈП„Комуналец“ дека скоро цел месец немаат вода за пиење. Поради алармантноста на ситуацијата тројца жители од с.„Осој“ присуствуваа на денешната седница.

**Лазе Јаќимоски-** Истакана дека во текот на седницата го замолил претставникот на ЈП,,Комуналец“ да остане и да ја појасни ситуацијата, но тој си заминал. Информира дека жителите на с.Осој скоро цел месец немале вода за пиење а се во градска, односно приградска населба што за денешно време е непоимливо. Истакна дека општината е основач на ЈП ,,Комуналец“ и дека таа треба да им наложи да го средат проблемот.

**Претседателот на совет** информира дека претставникот на ЈП ,,Комуналец“ си заминал, а тие како Совет на Кичево не се запознаени со ситуацијата на терен. Напомена дека ќе го известат претставникот на ЈП„Комуналец“ преку органите на општината. Информира дека Барањето од жителите ќе се достави до ЈП,,Комуналец“.

Од присутните жители на с.Осој збор зеде Синиша Трпески кој истакна дека жителите веќе биле во ,,Комуналец“ и дека претпријатието не одговорило на нивното барање.

**Претседателот на совет** ги информира жителите дека советот нивното барање ке го проследи до ЈП„ Комуналец“.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен и Дневниот ред за денешната седница, **Претседателот на Советот** на Општина Кичево ја затвори Седницата на Советот во 12 часот и 10 минути.

Совет на општина Кичево

| | |
|---|---|
| Записничар | Претседател |
| Флорика Манакоска | Скендер Џабири |